Уп. бр.08-47

Врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), Комисијата за заштита на конкуренцијата постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Друштвото за производство, трговија и услуги Бучим ДООЕЛ Радовиш, со седиште на ул. Маршал Тито бб, Радовиш, преку Адвокатско друштво Пепељугоски од Скопје, на седницата одржана на ден **12.04.2023** година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Друштвото за производство, трговија и услуги Боров дол ДООЕЛ Радовиш, со седиште на ул. Свети спасо радовишки бр.1, Радовиш ќе се присоедини кон Друштвото за производство, трговија и услуги Бучим ДООЕЛ Радовиш, со седиште на ул. Маршал Тито бб, Радовиш, **не потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 5.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот) на ден 08.03.2023 година, а дополнето на 21.03.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) доставено е известување за концентрација од Друштвото за производство, трговија и услуги Бучим ДООЕЛ Радовиш, со седиште на ул. Маршал Тито бб, Радовиш,со која Друштвото за производство, трговија и услуги Боров дол ДООЕЛ Радовиш, со седиште на ул. Свети спасо радовишки бр.1, Радовиш ќе се присоедини кон Друштвото за производство, трговија и услуги Бучим ДООЕЛ Радовиш, со седиште на ул. Маршал Тито бб, Радовиш,

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите го утврди следното:

***Согласно член 12 од Законот, концентрација настанува со промена на контролата на долгорочна основа, а како резултат на стекнување на***

***директна или индиректна контрола на целото или делови од едно или повеќе други претпријатија од едно или повеќе лица кои веќе контролираат најмалку едно претпријатие.***

Во конкретниот случај од податоците и документите доставени со известувањето и дополнително доставените документи Комисијата утврдии дека:

- Друштвото за производство, трговија и услуги Бучим ДООЕЛ Радовиш, е во целосна сопственост на Солвеј Индастриес Ести ОУ со адреса, ул.Кесклина Линаоса, Нарва МНТ бр. 13, 10151 Талин Харју Мааконд, Естонија

- Друштвото за производство, трговија и услуги Боров дол ДООЕЛ Радовиш, е исто така во целосна сопственост на Солвеј Индастриес Ести ОУ со адреса, ул.Кесклина Линаоса, Нарва МНТ бр. 13, 10151 Талин Харју Мааконд, Естонија

Видно од известувањето и од доставениот Извод за тековна состојба на Друштвото за производство, трговија и услуги Бучим ДООЕЛ Радовиш и на Друштвото за производство, трговија и услуги Боров дол ДООЕЛ Радовиш.

***Оттука саогласно Законот*, *Друштвото за производство, трговија и услуги Бучим ДООЕЛ Радовиш и Друштвото за производство, трговија и услуги Боров дол ДООЕЛ Радовиш се поврзани претпријатија*** и со присоединувањето на Друштвото за производство, трговија и услуги Боров дол ДООЕЛ Радовиш кон Друштвото за производство, трговија и услуги Бучим ДООЕЛ Радовиш не настанува промена на контролата на долгорочна основа.

***Дополнително согласно точка 6.1( Внатрешно преструктуирање) од Насоките Насоки на Комисијата за заштита на конкуренцијата за поимот - концентрација од 29.03.2012 година*** „Согласно Законот, концентрацијата постои кога има промени во контролата. ***Внатрешното преструктуирање во рамки на група (поврзани) претпријатија не претставува концентрација***. ***Ова се применува, на пр***. на зголемувања на уделот на акциите/уделите каде нема промени во контрола или активности за преструктурирање како што се спојување на претпријатија со двојна котација во единствено правно лице или ***спојување на поврзани претпријатија***. Концентрацијата настанува само доколку трансакцијата доведе до промена во квалитетот на контрола во едно претпријатие и оттаму не е веќе чисто внатрешна промена“.

Заради сето наведено во конкретниот случај имајќи ги во предвид податоците и документите доставени со известувањето и дополната, Комисијата утврди дека со присоединувањето на Друштвото за производство, трговија и услуги Боров дол ДООЕЛ Радовиш кон Друштвото за производство, трговија и услуги Бучим ДООЕЛ Радовиш, *не настанува промена на контролата на долгорочна основа, па оттука предметната концентрација не потпаѓа под одредбите на Законот.*

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**